Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р.М" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20" ), а во врска со член 11 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), директор на Царинска управа, донесе

**П Р А В И Л Н ИК**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за внатрешна организација и работа на Царинска управа**

**Член 1**

Во овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Царинска управа број 01-036570/21-0001 од 17.06.2021 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилник за внатрешна организација и работа на Царинска управа број 01-036570/21-0033 од 02.12.2022 година.

**Член 2**

Во членот 2 точка 5 **СЕКТОР ЗА ЦАРИНСКИ СИСТЕМ** по потточка 5.5. **Одделение за царинска лабораторија** се додава нова потточка **„5.6 Одделение за електронски едношалтерски систем (Single Window)"**.

**Член 3**

Во членот 14 точка 5 **СЕКТОР ЗА ЦАРИНСКИ СИСТЕМ** по алинеја 43 се додаваат нови 7 алинеи 44,45,46,47,48,49 и 50 кои гласат:

- „развивање на политики и процедури за електронски едношалтерски систем и давање на иницијативи за нивно подобрување;
- спроведување на истражување и анализа на прашања поврзани со развој и подобрувањето на електронски едношалтерски систем;
- следење и обезбедување компатибилност и интеграција на електронскиот едношалтерски систем со други системи и процеси поврзани со прекуграничната трговијата;
- подготвување на материјали за следење на превземените обврски и дадените препораки, поврзани со развојот на електронскиот едношалтерски систем, во надлежност на Царинската управа;
- управување со техничката инфраструктура на електронски едношалтерски систем, вклучително и обезбедување безбедност на податоците и доверливост на системот;
- координирање за обезбедување обука и поддршка за корисниците на електронски едношалтерски систем;
- остварување на соработка со други владини институции и агенции, за да се обезбеди компатибилност и интеграција на едношалтерскиот електронски систем со други системи и процеси поврзани со забрзување на трговијата".

Член 4

Во членот 15 по точка 5.5. **Одделение за царинска лабораторија** се додава нова точка „**5.6 Одделение за електронски едношалтерски систем (Single Window)**".

Член 5

Во членот 16 по точка 5.5. **Одделение за царинска лабораторија** се додава нова точка „**5.6 Одделение за електронски едношалтерски систем (Single Window)**" која гласи:

5.6 **Одделение за електронски едношалтерски систем (Single Window)** врши работи кои се однесуваат на:

- превземање мерки за градење на интегритетот на вработените;
- следење на стратегијата на Царинска управа и изготвување стратегија и акционен план од надлежност на одделението и следење на реализацијата на активностите утврдени со истите;
- планирање, организирање, следење и координирање на работата на одделението за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите и превземање на мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на одделението;
- следење и превземање на мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и давање на предлози за нивна измена, дополнување или носење на нови;
- следење, координирање и унапредување на соработката со сите засегнати страни преку подготовка на материјали и учество на меѓународни состаноци, регионални иницијативи, конференции и средби на билатерално и мултилатерално ниво;
- имплементирање на политики и процедури за електронски едношалтерски систем и давање на иницијативи за нивно подобрување;
- спроведување на истражување и анализа на прашања поврзани со развој и подобрувањена електронскиот едношалтерски систем;
- комуникација со консултанти и заинтерисирани страни, учество на состаноци и ад хок групи;
- следење и обезбедување компатибилност и интеграција на електронскиот едношалтерски систем со други системи и процеси поврзани со прекуграничната трговија;
- подготвување, координирање и учествување на состаноци, конференции и настани во земјата и странство, поврзани со меѓународни иницијативи и активности за едношалтерскиот електронски систем;
- координирање, учествување, изготвување и доставување на извештаи до Министерството за финансии и Владата на Република Северна Македонија;
- подготвување на материјали за следење на превземените обврски и дадените препораки, поврзани со развојот на електронскиот едношалтерски систем, во надлежност на Царинската управа;
- развивање и имплементирање на политики и процедури за електронски едношалтерски систем;

- работење со сите засегнати страни, царинските службеници, владините агенции и приватниот сектор, заради обезбедување на непречено спроведување и усвојување на електронски едношалтерски систем;
- управување со техничката инфраструктура на електронски едношалтерски систем, вклучително и обезбедување безбедност на податоците и доверливост на системот;
- координирање за обезбедување обука и поддршка за корисниците на електронски едношалтерски систем;
- спроведување на истражување и анализа на прашања поврзани со олеснување на прекуграничната трговија, кои се однесуваат на развојот и подобрувањето на електронскиот едношалтерски систем;
- остварување на соработка со други владини институции и агенции, за да се обезбеди компатибилност и интеграција на едношалтерскиот електронски систем со други системи и процеси поврзани со забрзување на трговијата;
- следење и евалуација на ефективноста на електронскиот едношалтерски систем и негово унапредување;
- покренување на иницијативи за измени и дополнување на правната рамка за унапредување на електронскиот едношалтерски систем;
- соработување, координирање и комуникација со меѓународни институции и потенцијални странски донатори, за потребите на развојот на електронскиот едношалтерски систем, во доменот на надлежностите на Царинската управа;
- следење и реализирање на обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска Унија).

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе започне да се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии.

Бр. 01 – 036570/21-0050
Скопје, 25.12.2023 година

25 -12- 2023

Директор
Стефан Богоев

Изработил:
Одобрил: Јелена Ципушева
Согласен: Валентина Пивоварова